20250741572

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за учебници во основно и средно образование,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 1 април 2025 година.

Бр. 08-2017/1
1 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Член 1

Во Законот за енергетска ефикасност („Службен весник на Република Македонија“ број 32/20, 110/21, 236/22 и 147/24), во член 41 ставот (5) се менува и гласи:

„Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини наплаќа надоместок за издавање на лиценца за вршење на енергетска контрола во износ од 6.000 денари и надоместок за продолжување на лиценца за вршење на енергетска контрола во износ од 3.000 денари.“.

Член 2

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 147/24) во член 29 ставот (1) се менува и гласи:

„Овластувањата за вршење на енергетски контроли издадени пред влегувањето во сила на овој закон важат до 30 јуни 2026 година и со истите можат да се вршат исклучиво енергетски контроли на згради. Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, по службена должност, го усогласува рокот на важност во издадените овластувања, најдоцна до 31 декември 2025 година.“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Издадените овластувања согласно со ставот (2) на овој член се со рок на важност до 30 јуни 2026 година.“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.